# ВОДИЧ ЗА СТЕЧАЈ

Оваа публикација е подготвена од страна на авторот Татјана Сусулеска
со великодушната поддршка на американскиот народ преку Агенцијата
на САД за Меѓународен Развој (УСАИД)

Мислењата изразени во оваа публикација му припаѓаат на авторот и не
ги изразуваат ставовите на  Агенцијата на САД за Меѓународен Развој
или на Владата на Соединетите Американски Држави

Скопје, септември 2007

Подготвила:
**Татјана Сусулеска**

Издавач:
**Здружение на правници на Република Македонија**
Бул. Крсте Мисирков б.б. - Скопје
e-mail: mla@mla.org.mk
www.mla.org.mk

Уредник:
**Лилјана Цековска**

Компјутерска подготовка:
**Бојан Trенчевски**

Печати:
**Југореклам - Скопје**

# Содржина:

1. **Што** е стечај, а што е стечајна постапка?
2. **Кога** се отвора стечајна постапка?
3. **Каде** е регулирана стечајната постапка?
4. **Кој** ја спроведува стечајната постапка?
5. **Кои** се твоите обврски во стечајна постапка?
6. **Кој** може да иницира отворање на стечајна постапка?
    - над кои субјекти може да се спроведува стечајна постапка?
7. **Правни** последици од отворањето на стечајна постапка.
8. **Кој** е должник во постапката?
9. **Доверители** во стечајната постапка.
10. **Вработените** како доверители.
11. **Органи** на стечајната постапка.
12. **Што** е претходна постапка?
13. **Стечаен** управник и лично управување на должник.
14. **Што** е неликвидност?
15. **Реорганизација** - пред отворањето и во текот на стечајна постапка.
16. **Кога** завршува стечајната постапка?
17. **Посебни** постапки:
    - Стечајна постапка над заеднички имот на брачни другари.
    - Стечај над имотот на умрено лице.
    - Меѓународен стечај.

# За овој водич

*Овој водич ти кажува што е неликвидност, што се случува кога се отвора стечајна постапка пред надлежен суд во Република Македонија, кои се правните последици на отворањето на стечајната постапка, какви ограничувања носи стечајната постапка за должникот и доверителите и кои се предностите на стечајната постапка во ситуација на инсолвентност и неликвидност.*

*Овој водич ги дава генералните насоки.*

*Ако стечајна постапка поведува должникот, истиот ќе може на едноставен начин, со практичен скратен приказ на процедурата што го очекува, економските ефекти и сите можности за најдобар излез од финансиската криза, да го пронајде патот по кој го води Законот за стечај на Република Македонија, до сопственото подобрување на солвентноста и бизнисот или  навремено ликвидирање на фирмата која му носи загуби.*

*Кога стечајот го иницира доверителот, истиот ќе може да пронајде упатство за потребната документација што треба да ја приложи до надлежниот суд со својот предлог за отворање на стечајна постапка, потоа  како да го следи текот на постапката, како да го наплати своето побарување во највисок можен износ, како да врши контрола врз текот на постапката, работата на стечајниот управник, а  сето тоа преку органите на стечајната постапка во кои партиципира доверителот.*

*Во овој водич се прикажани и правните последици како и заштитата на правата што се однесуваат на работниците кои работат во трговско друштво спрема кое се отвора стечај и тоа се прави на наједноставен можен начин со упатување на законската регулатива и законските одредби.*

### *а. Ако стечајна постапка не е отворена*

*Не мора да се отвори стечајна постапка само заради тоа што друштвото или поединецот имаат обврски. Разгледајте ги алтернативите што ги даваат постоечките закони - пред се Законот за трговски друштва, Законот за облигациони односи, како и законите од економско - финансиската област. Истото со цел да се најде законскиот пат до излезот од застојот во плаќањето на обврските. Направете анализа на сопственото работење со помош на соодветни експерти.*

*Внимавајте на сопствената одговорност за навремено иницирање на стечајна постапка спрема друштвото, ако сте трговец поединец или ако сте одговорно лице во друштвото.*

*Покрај запирање со присилна наплата на побарувањето, стечајот носи и одредени рестрикции.*

### *б. Ако веќе е отворена стечајна постапка*

*Во овој водич ќе се запознаете со процедурата во стечајната постапка преку еден вид инструкции за иницирањето на постапката, текот на постапката, органите што ја спроведуваат постапката и начинот на кој таа завршува.*

*Ќе се запознаете со можноста за запирање на стечајната постапка или евентуално реорганизација во стечај.*

*Стечајот не мора секогаш да значи и ликвидација и престанок на друштвото.*

# 1. Што е стечај?

**Стечајот** е начин на решавање на ситуацијата кога должникот има обврски што не може да ги плати.

**Стечајната постапка** е **судска постапка** што се спроведува спрема должникот со цел да им овозможи на доверителите колективна наплата на побарувањата, без привилегирање на било кој од нив и му овозможува на должникот да постигне договор со доверителите за исплата на обврските со одложено плаќање преку план за реорганизација со цел да може повторно да го продолжи деловното работење.

Секој деловен субјект може да се најде во стечај вклучувајќи го и поединецот регистриран како трговец.

# 2. Кога се отвора (поведува) стечајна постапка?

Стечајна постапка се поведува по предлог, што значи по иницијатива на предлагач.

Кога самиот должник ќе утврди дека не е способен да ги исплати своите пристигнати обврски подолго од 45 дена, може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

Законска обврска е на должникот да ја следи својата ликвидност и навреме да согледа застој во плаќањето на обврските и да преземе мерки за надминување на состојбата.

Законска обврска е на органот на управување на должникот да ги извести сопствениците на капиталот, дека, во деловното работење се појавува застој во исплатата на обврските.

**Овластените лица и органот за управување и застапување како и органи за надзор во трговските друштва, лично, солидарно и неограничено се одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво**

**или поединец ако навреме не поднесат предлог за отворање на стечајна постапка. Истите можат и кривично да одговараат за оштетување на доверители.**

Обврската за поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка настапува најдоцна во рок од 21 ден од денот кога констатирале постоење на причини за отворање на стечајна постапка.

**Ако си доверител**, стечајна постапка иницираш кога имаш побарување кое не можеш да го наплатиш ни по протек на 45 дена од било која жиро сметка на должникот или доброволно од негова страна, а поседуваш важечки основ за плаќање.

## 3. Каде е регулирана стечајната постапка?

**Законот за стечај** ("Службен весник на РМ" бр. .34 од 22.03.2006 год.) ги одредува правните правила за спроведување на стечајната постапка и регулира:

- Кои се целите;
- Субјектите спрема чиј имот се спроведува стечај;
- Услови за отворање на стечајна постапка;
- Кој суд е надлежен;
- Органите на стечајната постапка;
- Планот за реорганизација и заклучување на стечајната постапка;
- Посебните стечајни постапки.

## 4. Кој ја спроведува стечајната постапка?

### а. Надлежен суд

За спроведување на стечајна постапка надлежен е основниот суд со проширена надлежност на територија на која е реги-

стрирано седиштето на должникот.

Еднаш заснованата месна надлежност на судот, од поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка, не може да се измени до завршување на постапката.

Во месно надлежниот суд каде се наоѓа седиштето на должникот може да се обратите и за информации за текот на постапката, да побарате забрзување на постапката или да се пожалите за начинот на кој се спроведува постапката.

Стечајната постапка е транспарентна.Списите од стечајното досие се достапни на сите учесници .

## б. Органи кои ја спроведуваат стечајната постапка:

● **Стечајниот судија** е орган на стечајната постапка кој што како судија го води случајот од приемот на предлогот за отворање на стечајна постапка доставен до месно надлежниот основен суд, па се до нејзино заклучување.

● **Стечаен управник** -тоа е физичко лице кое има лиценца за вршење на работите на стечаен управник или јавно трговско друштво или друштво со ограничена одговорност основано само за вршење на работи на стечаен управник.

● **Одборот на доверители** го сочинуваат претставници на: разлачни доверители, а тоа се доверители кои своето побарување го обезбедиле со залог, доверители со најголеми побарувања, доверители со мали побарувања. Бројот на членовите на одборот на доверители мора да биде непарен и секогаш да биде составен најмногу од 7 членови.

● **Собрание на доверители** го сочинуваат сите доверители кои учествуваат во работата на собранието.

## 5. Кои се твоите обврски во стечајна постапка?

**Како должник:**

Кога е поднесен предлог за стечајна постапка, должникот **мора**:

- Да ги стави на располагање и да ги достави до стечајниот судија сите податоци и известувања што од него ќе бидат побарани во врска со работењето на должникот.
- Да предаде писмен извештај за економско финансиската состојба кај должникот, кога самиот предлага стечај. За вистинитоста на извештајот членовите на органите на должникот или должникот поединец одговараат кривично и материјално.
- Освен на стечајниот судија, потребните информации мора да се дадат на привремениот стечаен управник, на стечајниот управник, одборот на доверители и собранието на доверители доколку стечајниот судија тоа го наложи.
- Мора да се изнесат дури и оние факти што можат да доведат до кривично гонење.
- Да му се помага на стечајниот управник или привремениот управник при вршењето на професионалните обврски.
- Да се презентираат податоци за имотот.

Кога е отворена стечајна постапка должникот **не смее:**

- Да располага со сопствените жиро сметки.
- Да го користи сопствениот печат-бидејќи веќе се издава нов печат со назнака дека друштвото е во стечај.
- Не смее да подигнува кредити и позајмици, односно да го задолжува друштвото.
- Не смее да врши исплати на обврски или да работи со готовински плаќања.
- На овластените лица им престануваат овластувањата за пот-

пис на жиро сметката и други значајни документи.

Ако не соработува, должникот може да биде приведен, ако е поединец, односно членовите на одборот на управување и органот на надзор или притворен со одлука на стечајниот судија.

Должникот може да биде парично казнет со казна не помала од 20.000,00 ден., ниту поголема од 200.000,00 ден. за одговорните лица и 500.000,00 ден. за правното лице.

Како **доверител:**

- Да го пријавиш навреме своето побарување во рокот објавен во огласот за отворање на стечајна постапка, со писмена пријава во прилог на која ќе доставиш доказ за своето побарување;
- Да се јавиш на покана на стечајниот судија за присуство на испитно рочиште и на извештајно собрание, како и на останати собранија на доверители;
- Да гласаш по предложен план за реорганизација било да го поддржуваш или да се противиш;
- Доколку оспориш побарување на друг доверител, да докажеш дека за тоа имаш интерес, а благовремено да покренеш спор со кој ќе докажуваш дека основано си го оспорил побарувањето кое претходно го признал стечајниот управник;

# 6. Кој може да иницира отворање на стечајна постапка?

## 6.1. Должникот

Секое правно лице кое обавува деловни активности или физичко лице кое е регистриран трговец поединец може да иницира отворање на стечајна постапка во ситуација кога ќе констатира, дека, подолго време не може да ги исполнува стасаните обврски. Ако од било која сметка на должникот не мо-

же доверителот да си наплати свое побарување подолго од 45 дена, должникот може да предложи отворање на стечајна постапка.

Обврска на органите на управување е, да ја следат економско финансиската состојба преку периодични извештаи за ликвидноста, солвентноста во текот на работењето.

Законска обврска е на органот на управување да ги извести сопствниците на капиталот доколку настане застој или прекин на ликвидноста. Кога ќе констатира ваква ситуација, органот на управување е должен во рок од 21 ден од денот на настапување на причините за отворање на стечјана постапка - 45 дена неспособност за плаќање на обврските, да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

**Што треба должникот да приложи кон предлогот?**

**а.** Потврда од банката што го извршува неговиот платен промет, за состојбата на средствата на сметките и ненамирените побарувања кои треба да бидат исплатени од сметката;

**б.** Извештај за имотот што го поседува должникот, со доказ за сопственост;

**в.** Потврда за состојбата околу исплатата на даноци и придонеси.

Со поднесениот предлог за отворање на стечај должникот може да предложи и план за реорганизација, доколку има намера да го задржи деловното работење и да продолжи со работа.

Истото од причина што **стечајот не мора секогаш да значи ликвидација и престанок на друштвото.**

Должникот по задолжение на стечајниот судија во рок од 8 дена од одлуката на судијата, ќе му поднесе писмен извештај за економско финасиската состојба. За вистинитоста на овој извештај се одговара кривично и материјално.

## 6.2. Доверителите

Лицата кои имаат некакво побарување спрема должникот кое што не можат да го наплатат во рок од 45 дена од стасаноста на обврската, можат да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка спрема должникот. За таа цел, на доверителот му е потребен доказ дека се исполнети условите утврдени со Законот за стечај, за отворање на стечајна постапка.

Со поднесување на доказ дека доверителот има сопственост, ненаплатено побарување од должникот, истиот станува овластен предлагач за поведување на стечајна постапка.

## 6.3. Вработените кај должникот

Работниците на кои работодавачот не им исплатил плата и не им уплатил придонеси од плата 3 месеци последователно, имаат право да покренат иницијатива пред надлежен суд за престанок на работодавачот.

Во случај на отворање на постапка за престанок на работодавачот - стечај, престанува да важи договорот за вработување на работникот.

## 6.4. Ликвидаторот

Кога од страна на судот во постапка за ликвидација е назначен ликвидатор и кога истиот ќе констатира, дека, обврските на должникот - друштвото што е во ликвидација се далеку поголеми од вредноста на имотот на друштвото, може да предложи пред судот постапката да продолжи по правилата на Законот за стечај, односно да се спроведе стечајна постапка преку која ќе се продаде имотот, рамноправно ќе се намират доверителите, а друштвото престанува да постои и се брише.

**Лица над чиј имот се спроведува стечај:**
- имот на правно лице - трговско друштво
- поединец кој има регистрирано дејност

- имот на стопанска интересна заедница
- имот на умрено лице
- заеднички имот на брачни другари

**Ако со закон е предвидено, не може да спроведува стечајна постапка:**

- над имот на Република Македонија
- фондови што се финансираат од буџетот на РМ
- фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и за здравствено осигурување
- единици на локална самоуправа, органи на државна управа.

# 7. Правни последици од отворањето на стечајната постапка

## - Кога настапуваат

Откако ќе биде донесено решението од судот дека се отвора стечајна постапка, се објавува оглас за отворената стечајна постапка и се истакнува на огласната табла на судот. Наредниот ден по објавувањето на огласната табла, настапуваат правните последици.

Значи, не се чека објава во Службен весник на РМ, нити регистрирање на решението во Централниот регистар. Правната последица настапува веднаш наредниот ден по истакнувањето на огласот.

**а. Во однос на доверителите:**

✸ Престанува да тече камата на необезбедените побарувања.
✸ На обезбедените побарувања, тече камата само ако е договорена.
✸ Престанува плаќањето на обврските спрема доверителите. Своите побарувања ќе можат да ги пријават до стечајниот управник, а ќе им бидат исплаќани рамноправно со останатите доверители.

- ✷ Престануваат разлачните - обезбедувачки права што доверителите ги стекнале во последните 90 дена пред поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка. Истото за да се заштитат останатите доверители кои би можеле заради евентуални сознанија за неликвидност или претстоен стечај, да си ги обезбедат побарувањата и ги оштетат другите доверители.
- ✷ Во стечајна постапка не може да се впишува залог, ниту да се спроведува извршување врз имотот на должникот кој станува стечајна маса. Вакви права имаат само оние доверители кои навремено си ги обезбедиле побарувањата.
- ✷ Должникот може да им плати штета на доверителите кои ги оштетил, ако го намалил имотот пред или по отворањето на стечајната постапка, доколку таква штета побараат доверителите. За таа цел може да бидат испитани сите трансакции што се случиле пред стечајот, од страна на стечајниот управник.
- ✷ Доверителите не го губат стекнатото право на пребивање во време на отворањето на стечајната постапка. Значи, ако доверителот има пристигнато побарување, а должникот исто така има побарување од доверителот, правото на пребивање - компензација останува.
- ✷ Доверителите стекнуваат право на побивање на правните дејствија на стечајниот должник, со поднесување на тужба.
- ✷ **В**о ситуација на отворена стечајна постапка, можат да ги остварат своите побарувања спрема должникот само како доверители во стечајната постапка, а никако надвор од судската стечајна постапка. Истото, за да се запази начелото на рамноправност на доверителите во намирувањето на нивните побарувања. Истите се должни да ги пријават своите побарувања благовремено кај стечајниот управник за да бидат испитани.

*Доверителите треба да ја имаат во предвид и личната, неогранична одговорност на содружниците на имотот на правното лице онака како што е дефинирана во договорот за*

*основање на друштвото, а не како досега ретко или речиси никогаш да ја користат законската можност да бараат одговорност за претрпена штета заради лошо деловно работење. Многу одредби во Законот за стечај, Законот за трговски друштва и Законот за облигациони односи ги штитат доверителите, а во пракса истите ретко ги користат законски дадените можности.*

**б. Во однос на должникот:**

Се запираат сите присилни извршувања на жиро сметките и спрема имотот на должникот.

Престануваат овластувањата на органите на управување, а правото да располага со имотот на должникот се пренесува на стечајниот управник.

Престануваат овластувањата на потписниците на сметките.

Целиот имот на должникот на денот на отворањето на стечајната постапка, онака како што е затекнат, се попишува од страна на стечајниот управник и не смее без одлука на органите на стечајната постапка да се отуѓува, физички изнесува или со него да се располага. Престанува деловниот потфат, освен итни и неодложни работи и освен ако должникот веднаш со предлогот за отворање на стечајна постапка не предложи реорганизација со продолжување на деловното работење. За ова треба да се произнесе стечајниот судија.

На должникот му се забранува да го отуѓува или оптоварува имотот.

Должникот не смее да прима поштенски пратки, па сите ќе се доставуваат до стечајниот управник.

Управувањето и располагањето со имотот целосно ги превзема стечајниот управник.

Договорите за закуп остануваат во сила.

Понудите што ги дал должникот пред отворањето на стечајна постапка како и понудите што му се дадени на должникот, престануваат да важат ако до денот на отворањето на стечајната постапка не се прифатени.

**в. Во однос на вработените:**

Со денот на отворањето на стечајната постапка престануваат договорите за вработување што значи престанува работниот однос на вработените кој се нарекува престанок по сила на Закон.

Со тоа вработените повеќе не примаат плата, нити имаат било какви права од работен однос. Единствено стекнуваат статус на работници кои заради стечај останале без работа и имаат права пред Агенцијата за вработување на РМ.

Последните 3 плати и придонеси од плата на вработените, во период пред отворањето на стечајната постапка, претставуваат обврски од повисок ранг во стечајната постапка и се исплаќаат пред останатите обврски.

**г. Спрема други субјекти:**

Остануваат во сила договорите за закуп во ситуација кога должникот се јавува како закуподавец, од причина што носат приходи и средства во стечајната маса. Кога должникот е закупец, стечајниот управник може да го откаже договорот.

Престануваат сите полномошна издадени од должникот, и тоа со денот на отворањето  на стечајната постапка. За натамошни дејствија околу застапување на имотот и интересите на должникот во стечај, стечајниот управник може да издаде ново писмено овластување - полномошно.

# 8. Вработените како доверители

По основ на работен однос, вработените стекнуваат одредени права - плата, придонеси и други додатоци, врз основа на кои во ситуација кога се отвора стечајна постапка истите стекнуваат својство на доверител доколку не се намирени овие побарувања од работен однос.

Кога работодавачот не им исплатил плата и не им уплатил придонеси од плата, истите имаат ненаплатени побарувања што им дава основа по Законот за работни односи да иницираат стечај или ликвидација.

Тука се поставува прашањето на интересот на работникот да иницира стечај кога знае дека ќе му престане работниот однос, но тоа е еден вид и притисок врз работодавачот да ги исполнува обврските кон работниците, под страв од покренување на постапка за престанок.

Правата на вработените за надомест на плата за последните три месеци пред отворање на стечајна постапка се побарувања од повисок ранг со приоритет на наплата како по однос на нето плата така и по однос на придонесите.

Вработените освен повисокиот ранг за наплата на своето побарување, немаат друга привилегија или гаранција за наплата на своите побарувања. Значи, ако, должникот нема доволно имот вработените иако со приоритет во наплатата, не ќе можат да ги наплатат своите плати и придонеси.

Законот не предвидува друга повластица за нив при наплатата на нивните побарувања.

Стечајните работници имаат предност при склучување на нови договори за работа со стечајниот управник или во постапка за реорганизација.

# 9. Органи на стечајната постапка

## Стечаен судија

Тоа е судија вработен во судот што е надлежен да ја води стечајната постапка и кој по редовен распоред на работата го примил предлогот за отворање на стечајната постапка. Истиот одлучува по предлогот за отворање на стечајна постапка со поведување на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечај, со донесување на решение за отворање на

стечајна постапка, го именува и разрешува привремениот стечајниот управник и стечајниот управник.

Одлучува по приговори, одобрува продолжување на започнати работи на должникот, ја контролира законитоста на работата на стечајниот управник, ги одобрува пресметаните трошоци на постапката, определува награда за стечајниот управник и членовите на одборот на доверители, како и надомест на нивните трошоци. Одобрува исплата на доврителите, донесува решенија за заклучување на стечајната постапка.

***Стечајниот судија се грижи за законито спроведување на стечајната постапка.***

## Стечаен управник

**а. Кој може да биде именуван за стечаен управник**

Работите на стечаен управник може да ги врши физичко лице кое има лиценца за вршење на работите на стечаен управник. Исто така, друштво регистрирано како јавно трговско друштво или друштво со ограничена одговорност кое е основано само за вршење на работи на стечаен управник, а има и лиценца за вршење на вакви работи може да биде стечаен управник.

Кога за стечаен управник се именува друштво, стечајниот судија назначува едно од вработените лица на друштвото кое има уверение за овластен стечаен управник, да ги врши работите на стечаен управник.

- **Како да се добие лиценца за вршење на работа на стечаен управник?**
  - Да располага со потребна стручност и деловно искуство;
  - Да има високо образовение и најмалку 5 години работно искуство од областа на трговската дејност;
  - Да положи испит за овластен стечаен управник;
  - Да не е осудуван.

Во друштвата што бараат овластување да работат како сте-

чаен управник треба да биде вработено едно лице кое е овластен стечаен управник, еден дипломиран правник и еден дипломиран економист.

- **Кој не може да биде именуван за стечаен управник?**
  - Роднина по крв во права линија до било кој степен и во странична линија до четврти степен, по сватовство до втор степен или брачен другар на стечајниот судја и членовите на стечајниот совет;
  - Солидарен должник со стечајниот должник;
  - Акционер член на орган на управување или на надзорен одбор на должникот во последните три години;
  - Лице кое било вработено кај стечајниот должник три години пред покренување на стечајната постапка;
  - Доверител или вработен кај доверител во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
  - Должников должник од последните три години;
  - Конкурент на стечајниот должник или лисе вработено кај конкурентскиот правен субјект;
  - Лице кое работело како советник на стечајниот должник во последните три години;
  - Стечајниот управник одговара со сиот свој имот за штетата што ќе ја причини на учесник во стечајната постапка, ако постапката ја води и работата ја врши спротивно на кодексот на етика на стечајните управници или професионалните стандарци, не постапува по одредбите на Законот за стечај и не постапува како уреден и совесен трговец.

Штетата што ќе ја причини на доверител на стечајната маса, должен е да ја надомести на доверителот освен ако незнаел и не можел да знае дека стечајната маса е недоволна за да се исполни преземената обврска.

Секоја година, најдоцна до 31 декември, стечајниот управ-

ник е должен да се осигурува од одговорност за најмалку 25.000 евра за трговец поединец, а 100.000 евра за друштво стечаен управник.

За именување на стечајниот управник решава стечајниот судија на предлог од доверителот. Ако предлогот за стечајна постапка го поднесува должникот, стечајниот судија по службена должност определува стечаен управник со мандат до првото собрание на доверители.

● **Овластувања на стечајниот управник**

❍ Го застапува должникот и имотот на должникот до заклучување на постапката.

❍ Го води работењето на должникот, ако истиот продолжува со работа.

❍ При вршењето на функцијата има статус на службено лице и се легитимира со службена легитимација.

❍ Да изготви план за реорганизација по овластување од доверителите.

❍ Да ги испитува побарувањата и истите да ги признава или оспорува.

❍ Да поднесува тужби за побивање на правни дејствија.

❍ Да склучува договори за ангажирање на лица за спроведување на стечајната постапка.

● **Должности на стечајниот управник**

- ❍ Да ја ажурира сметководствената евиденција до денот на отворањето на стечајната постапка.
- ❍ Да состави пресметка на трошоците како еден вид проекција за целата стечајна постапка.
- ❍ Да направи попис и стечаен биланс на имотот.
- ❍ Да ја извести Клиринишката куќа и берзата за хартии од вредност, како и Централниот депозитар за хартии од вредност.

- Да презема мерки за наплата на побарување, совесно да го води работењето, да се грижи за интересите на доверители.
- Да доставува завршна сметка и завршен извештј до одборот на доверители.
- Да ја архивира документацијата.
- Да го осигура имотот на должникот со одобрение на стечајниот судија.
- Да поднесува месечни писмени извештаи за текот на стечајната постапка.
- Да ги констатира промените во имотот, приливи и одливи на средства, да изготви список на ангажирани лица.

**Контрола** над работата на стечајниот управник вршат стечајниот судија, одборот на доверителите и собранието на доверители.

**Стечајниот управник може да биде разрешен** под услови предвидени со Законот за стечај кога ќе се утврди дека:

- Не ги исполнува своите обврски и не ги почитува роковите утврдени со Законот за стечај.
- Постапува пристрасно по однос на одделни доверители.
- Не поднесува редовни извештаи.
- Не покажал задоволителен напредок во впаричувањето на имотот.
- Не го осигурал имотот.
- Работи спротивно на интересите на доверителите или должникот.
- Со правосилна пресуда осуден за кривично дело кое го прави неподобен за стечен управник.
- Разрешувањето следи по поднесен предлог од доверител со најмалку 5% од вкупно утврдените побарувања или пак по службена должност од страна на стечајниот судија.

- Стечајниот управник може да побара сам да биде разрешен, а доколку барањето му биде одбиено, има право на жалба до стечајниот совет на надлежниот суд, во рок од 8 дена.

- **Награда и надоместоци за работата на стечајниот управник**

Наградата и надоместоците на реално потребните трошоци ги пропишува со посебен правилник министерот за економија.

Висината на наградата се одредува зависно од постигнатиот износ при продажбата на имотот, процентот на намирување на доверителите или постигнатиот успех при реорганизацијата на должникот, во рамките на правилникот донесен од министерот за економија.

При одредување на наградата се зема износот постигнат со продажба на имотот, процентот на намирување на доверителите,како и сложеност на постапката.

Најнизок износ на награда, доколку има имот на должникот, правилникот предвидува и тоа, од 60.000,оо ден. до 7.500.000,оо ден. за ликвидација и 120.000,оо ден. до 150.000.000,оо ден. за реорганизација.

## Одбор на доверители

Го сочинуваат доверители одредени од страна на стечајниот судија со посебно решение во кое мора да бидат опфатени:

Разлачните  и излачните доверители.

Стечајните доверители со најголеми побарувања, како и оние со мали побарувања.

Членови на одборот можат да бидат и лица кои не се доверители, а стечајниот судија ги назначува  доколку се стручњаци кои можат да помогнат во работата на одборот.

Одлуката на стечајниот судија за основање на одбор на доверители се верификува на првото собрание на доверители.

Бројот на членовите на одборот на доверители не може да

биде поголем од 11 члена.

Одборот врши контрола над работата на стечајниот управник, ги разгледува неговите извештаи за работата, ги прегледува трговските книги.

Поднесува приговори и предлага начин на впаричување на имотот.

Дава мислење за продолжување на започаните работи, односно предлага истите да продолжат кај стечајниот должник.

Членовите на одоборот на доверители може да бидат разрешени ако не ги извршуваат обврските определени со Закон, а одговорност сносат оние членови кои несовесно и нечесно постапуваат во постапката.

Своите одлуки одборот на доверители ги донесува на седници.

За донесените одлуки одговараат крувично и материјално.

Работата ја води претседател кој се избира од редот на членовите на одборот на доверители.

За својата работа имаат право на наград и реално потребни трошоци.

## Собрание на доверители

Го сочинуваат сите доверители. Првото собрание на доверители го свикува стечајниот судија по службена должност со јавно соопштување на времето, местото на одржување и дневниот ред.

Собранието на доверители го води стечајниот судија или претседателот на одборот на доверители, ако одборот го свика собранието.

Право на глас имаат сите доверители чии побарувања се утврдени, односно не се оспорени.

Одлуката се смета за донесена кога на собранието на доверители гласале повеќе од половината доверители со право на глас кои се присутни на собранието.

## 10. Што е претходна постапка?

Тоа е постапка што се поведува врз основа на предлог за отворање на стечајна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка. Значи, пред отворањето на стечајна постапка, стечајниот судија испитува дали се исполнети законските претпоставки за отворање на стечајна постапка. За таа цел ќе биде наложено на должникот да ги стави на располагање сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука.

Должникот е обврзан да соработува со стечајниот судија и да ги даде потребните информации. Исто така со привремениот стечаен управник е задолжителна соработката од страна на органите на должникот.

Кога треба да се заштити имотот и да се спречи настанување на штета, стечајниот судија може да именува привремен стечаен управник како еден вид мерка за обезбедување.

Привремениот стечаен управник: Го штити имотот на должникот, дава согласност на органите на управување за водење на работењето се до донесување на одлука.

Испитува дали постои причина за отворање на стечај.

Пред да биде разрешен од должноста, привремениот стечаен управник е обврзан да ги намири трошоците настанати во негов период како и да ги исполни обврските што ги презел должникот.

## 11. Што е неликвидност?

Способноста за плаќање на обврските во економската терминологија се нарекува ликвидност со значење на финансиска рамнотежа на претпријатието кое треба благовремено да ги исплаќа вкупните стасани обврски од расположливи ликвидни парични средства, во определен рок. Покрај паричните средства од жиро сметката и благајната, ликвидноста се обезбедува и со девизните средства, чекови, акции, меници, обврзници,

благајнички записи и други хартии од вредност, како и побарувања што можат да им бидат отстапени на доверителите.

Неможноста за исплата на обврските кои се стасани, во благовремен рок претставува застој во ликвидноста, а ако тој застој трае подолго од 45 дена се смета како неспособност за плаќање на обврските во смисла на Законот за стечај.

## 12. Реорганизација - пред стечај и во тек на стечајна постапка

Предстечајна реорганизација , според нашиот Закон за стечај претставува можност за порамнување на побарувањата што значи, договор на должникот и доверителите пред отворањето на стечајната постапка. Должниокот може сам да се договори со доверителите и да се определи начин на исплата на обврските. Во тој случај нема да се именува стечаен управник ниту ќе се создаваат трошоци за водење на стечајна постапка.

По отворање на стечајна постапка реорганизација се спроведува на предлог на должникот или на предлог на доверителите.

Во секој случај Законот за стечај дава многу можности за реорганизација. Притоа:

- Може да му се препушти на должникот сам да управува и располага со целиот или дел од имотот;
- Ќе се спроведе статусна промена;
- Ќе се предложи спојување со едно или повеќе друштва;
- Ќе се продаде цел или дел од имотот на должникот;
- Ќе се подели имотот или дел од имотот на доверителите;
- Ќе се намират обезбедените доверители;
- Ќе се намалат или одложат исплатите на обврските.
- Обврските ќе се претворат во кредит;
- Обврските ќе се намират со удели или акции;
- Ќе се изврши дополнително вложување;
- Може да се зголеми основната главнина преку издавање

на нови акции и удели.

- Ќе се измени договорот за друштвото.
- Ќе се изнајдат мерки во согласнот со Закон.

Планот за реорганизација содржи подготвителен и спроведбен дел.

Во **подготвителниот дел** се опишуваат мерките што се преземаат за да се создаде основа за да се задоволат правата на учесниците во стечајната постапка.

**Спроведбениот дел** дефинира на кој начин, со кои мерки и средства ќе се реализира планот, од кој имот и со кој парични износи ќе се намири, како имотот ќе се продава и кој имот би се продавал, дали ќе биде оптоварен со залог, список на членови на органите на управување и нивните надоместоци, стручните лица што ќе бидат ангажирани, финансиски проекции со можности за создавање на нов долг, износот до кој должникот ќе биде ослободен од постојните обврски, од кога планот ќе почне да се применува.

Планот може да предвиди само еден доверител или санатор да го продолжи, работењето на должникот.

Во планот за реорганизација доверителите се групираат според своите интереси кој имаат еднаков третман.

Планот за реорганизација се прилага до судот кој го става на јавен увид во рок од 8 дена од доставувањето. После тоа се свикува собрание на доверители кое ќе расправа по предложениот план и на кое ќе се гласа по истиот.

Датумот на одржување на собранието јавно се објавува.

На самото собрание се утврдуваат гласачките права на стечајните доверители и се смета дека ако просто мнозинство од вкупниот износ на побарувањата се присутни на собранието, а од нив гласа мнозинството, планот е прифатен - усвоен.

Се смета дека и должникот дал согласност ако не се спротивстави во писмена форма.

Со свое решение стечајниот судија го одобрува прифатениот план за реорганизација.

На стечајниот судија останува право по службена долж-

ност да одбие да го одобри преложениот план доколку не се почитувани законските одредби околу негово изготвување и тоа:

Содржината на планот и постапката за негово донесување не се спроведени според Закон, се привилегира некој од доверителите, не се почитува правото на приоритет, не се подеднако третирани групите на доверители.

И во ваков случај ако доверителите се договорат, стечајниот судија може да прифати и да одобри план за реорганизација онака како што се усолгасиле доверителите.

Натаму, се врши надзор над спроведување на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка и тоа од страна на стечајниот управник или друго лице - контролор, во зависност од тоа кому стечајниот судија ќе го довери надзорот.

Со одобрување на планот за реорганизација стечајната постапка се заклучува, а понатаму се спроведува надзор над реализацијата на планот. Ако истиот не се спроведува, било кој стечаен доверител или стечајниот управник можат да бараат повторно отворање на стечајната постапка.

## 13. Посебни постапки:

### • Меѓународен стечај

Меѓународниот стечај се спроведува кога странски суд или странски стечаен управник, доверител и слично, побара помош во врска со постапка што се води во странска држава или пак таква помош побара странска држава во врска со постапка што се води во Република Македонија.

Кога доверители и други лица од странска држава кои имаат правен интерес бараат поведување на постапка која се води по Законот за стечај во Република Македонија, исто така се смета за меѓународен стечај. Ваков стечај не се спроведува према субјектите спрема кои не може да се води стечајна постапка во Република Македонија.

Судовите во Република Македонија се исклучиво надлежни за спроведување на стечајна постапка спрема должник кој има седиште во Република Македонија.

**• Стечајна постапка над имот на умрено лице**

Се спроведува пред судот на чие подрачје умреното лице имал живеалиште. Ако умреното лице имало регистрирана дејност надлежен е судот каде се наоѓа седиштето.

Предлог за отворање на стечајна постапка врз оставина на оставител може да поднесе било кој наследник, повереник, лице овластено да управува со тој имот, извршител на тестамент или доверител на тој имот.

Ако оставината е дел од заеднички брачен имот, предлог за отворање на стечајна постапка може да поднесе брачниот другар кој е наследник или брачен другар кој не е наследник, но кој што заедно со оставителот управувал и располагал со заедничкиот имот. Право да се поднесе ваков предлог брачните другари имаат дури и ако бракот е разведен.

Доверителот на оставината - лице кое има побарување спрема оставината, може да поднесе предлог за стечајнан постапка најдоцна во рок од 2 години по прифаќање на наследството од наследникот.

Причина за отворање на стечајна постапка над оставината е нејзината неликвидност или вредноста на имотот на оставината не е доволна за навремено плаќање на обврските од имотот на умрено лице кое имало статус на трговец.

И правните дејствија што наследниците ги превзеле пред отворање на стечајната постапка врз оставината на оставителот, а со кои се намириле наследници со нужен наследен дел, можат да бидат побивани, како и други бесправни располагања на наследникот.

Се сметаат како долгови на стечајната маса, следните обврски:

Трошоци што треба да му бидат надоместени на наследникот, трошоци за погреб на оставителот, реални трошоци за

пријавување и објавување на смртта на умреното лице, трошоци за отворање и објавување на тестамен, за заштита на оставината, обврски што произлегуваат од правни работи преземени од повереник или обврски при редовно управување со оставината од страна на повереник.

И наследникот може да си пријави свои побарувања спрема оставителот, а исто така и побарување за исполнување на обврска на стечајната маса што ја направил наследникот.

Побарувањата на нужните наследници, легаторите и лицата кои можат да стапат на место на наследниците, се побарувања од понизок ранг.

- **Стечајна постапка врз заеднички имот на брачни другари**

Може да се иницира по предлог на доверител кој има побарување од заедничкиот имот со кој брачните другари заеднички и спогодбено управуваат.

Секој од брачните другари  исто така може да поднесе предлог.

Се спроведува постапка по истите правила како и за друг вид имот.

# 14. Кои податоци може да ги најдете во Централниот регистар?

Овој регистар е од јавен карактер и истиот Ви овозможува да се запознаете со сите отворени стечајни постапки спрема

определени друштва или поединци регистрирани како трговец, за поведена претходна постапка со определени мерки за обезбедување за именуван стечаен управник, за запрена или заклучена стечајна постапка.

Централниот регистар има и своја ВЕБ страница.

**www.crm.org.mk**

## 15. Значење на изразите

Изразите кои се специфични и се употребуваат во стечајната постапка, Законот за стечај ги дефинира како следува:

**Аранжман за финансиски колатерал -** давателот на колатералот презема обврска д а воспостави право на обезбедување врз финансиски инструменти или готовина или да ги пренесе неговите права што ги има врз финасиските инструменти или готовина како колатерал или гаранција на име на примателот на колатералот.

**Банка -** правно лице кое ги врши работите на платниот промет.

**Совесен трговец -** правен стандард за вршење на работите на стечајниот управник со нарушување на кој, стечајниот управник одговара.

**Доброволно порамнување** се преговори кои имаат за цел спогодбено решавање на должничко доверителските односи.

**Доверител со обезбедено побарување** е субјектот кој има побарување спрема должникот но истото е обезбедено со запишан залог во јавна книга, уште се нарекува “разлачен доверител“.

**Доверител со право на издвојување се нарекува и излачен доверител** кој има стварно или лично право врз предмет што е во владение на стечајниот должник па може да бара тој предмет да се излачи или издвои.

**Доверител на стечајна маса** е физичко или правно лице кое има

побарување спрема стечајниот должник кое настанало по отворање на стечајната постапка. Се разликува од стечаен доверител по тоа што стечајниот доверител има побарување кое датира од пред отворањето на стечајната постапка.

**Должник** е секое правно или физичко лице над кое може да се отвори стечајна постапка согласно чл. 4 од Законот за стечај.

Должникот може да се јави во постапка за ликвидација со продажба на имотот или во постапка за реорганизација.

**Застапник по закон** е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор или управител, кој го застапува друштвото врз основа на овластување дадено со закон.

**Имот на должникот** го сочинуваат имотот, правата и интересите на должникот. Истиот уште се нарекува и стечајна маса, доколку спрема тој имот се води стечајна постапка.

**Ликвидација во стечај** всушност е израз кој се употребува за да се искаже дека се води стечајна постапка во која е донесена одлука имотот на должникот да се продаде или да се подели меѓу доверителите.

**Неликвидност** е друг назив на неспособност за плаќање на обврските и означува состојба кога должникот не ги намирува своите пристигнати парични обврски.

**Овластен ревизор** е лице кое врши ревизорски работи со овластугвање според Законот за ревизија.

**Овластен проценител** е лице кое врши проценка врз основа на овластување добиено со заведување во регистарот на овластени проценители.

**Орган на управување** е индивидуално или колективно тело во трговското друштво на кого му е доверено управувањето со друштвото врз основа на законски одредби.

**Носители на платен промет** се банките овластени за вршење на

платниот промет во земјата.

**Претпријатие** е збир од права, предмети и фактички односи кои имаат имотна вредност и припаѓаат на трговската дејност на трговецот.

**Приоритет** е право кое е рангирано пред друго побарување, врз основа на овој закон. Приоритетното побарување се исплаќа пред останатите побарувања.

**Постапка за реорганизација** е онаа постапка во која должникот предложил реорганизација, во отворената стечајна постапка се расправа и доверителите се изјаснуваат по предлогот на должникот за реорганизација, вклучувајќи го и подготвувањето на планот за реорганизација, изјаснување на доверителите и одобрување на должникот да продолжи со работа.

Самата **реорганизација** значи одржување на добрата финасиска состојба и претпријатието, вклучувајќи го и продолжувањето со деловно работење под услови предвидени во планот за реорганизација.

**Седиште на друштвото** е местото каде е наведена адресата според договорот за друштвото.

**Статусни измени** на друштвата значат присоединување, спојување или поделба на трговските друштва.

**Стечајна постапка** е колективна постапка за намирување на доверителите.

**Стечаен управник** е лице кое е овластено да го застапува имотот на должникот, да ги спроведува дејствијата на продажба на имотот или реорганизација на должникот додека трае стечајната постапка.

**Странска постапка** е колективна судска или административна постапка во странска земја.

**Трговски** регистар е основен регистар во кој се вршат уписите определени со Законот за трговски друштва, Законот за стечај и други закони.